**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

# АНАЛИЗА НА РЕАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ 2019-2023



**Скопје, јули 2024**

## *АНАЛИЗА НА РЕАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ 2019-2023*

Пристапот до информациите од јавен карактер е една главните алатки за јавноста да биде информирана, односно правото на граѓаните да знаат какви одлуки носат органите на државната управа, локалната власт, како се трошат буџетските средства, јавните пари, парите на граѓаните, и во исто време да добијат отчетност од имателите на информации.

Правото на јавноста да знае е дел од корпусот на фундаментални човекови права во современиот свет. Ова право е незамисливо без слободниот пристап до информациите, кој претставува еден од клучните столбови на кои се базираат современите демократии. Слободниот пристап до информациите, од една страна, работата на институциите ги прави транспарентни и одговорни пред граѓаните, а од друга овозможува правовремена и полна информираност на граѓаните, која е неопходна за нивно ефикасно учество во јавниот живот. Како клучен гарант за транспарентноста, правото на јавноста да знае воедно е и најголема брана против корупцијата. Коруптивната пракса и злоупотребата на јавните ресурси, покажува дека овие негативни појави доминантно се развиват во сферата на тајност, каде информациите за јавноста се недостапни, а јавната контрола е оневозможна.

Согласно член 3 став 1 алинеа 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ број 101/2019): „иматели на информации“ се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правните и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како независен државен орган е одговорна за имплементација на правото на пристап до информациите од јавен карактер. Една од надлежностите е да подготвува и објавува Листа на иматели на информации. Имајќи ја предвид законската дефиниција, бројот на иматели во Листата на иматели на информации од јавен карактер во периодот од 2019 до 2023 е зголемен за 200 нови иматели, и со тоа и опфатот на нови информации кои им се достапни на барателите на информации.




Пристапот до информации од јавен карактер на граѓаните и на пошироката јавност може да им се овозможи на два начина. Првиот начин е постапување по поднесено барање за пристап до информациите од јавен карактер, а тоа е т.н. реактивна транспарентност.

Вториот начин е кога имателите на информации самоиницијативно, редовно ~~и~~ ажурирано ги објавуваат информациите кои ги создаваат и со кои располагаат на своите веб страници или проактивна транспарентност.

Оваа анализа се однесува на реактивното постапување на имателите по поднесените барања за пристап до информациите од јавен карактер, а податоците кои се дел од оваа Анализа се изведени од Годишните извештаи на Агенцијата, која како законска обврска ги изготвува и ги доставува до Собранието на РСМ.

Анализата го прикажува соодносот на бројот на иматели на информации низ годините,податоците за доставени годишни извештаи од страна на имателите до Агенцијата и бројот на жалби доставени до Агенцијата, која како второстепен орган, води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето за пристап до информации на барателите.



На следниот графички приказ е отсликана тенденцијата на неисполнување на законската обврска од страна на имателите, односно недоставувањето на годишни извештаи до Агенцијата во законски утврдениот рок.




Според  содржината на поднесените жалби до Агенцијата, може да се констатира дека во најголемиот број случаи, Законот за СПИЈК граѓаните го користат најчесто кога не се во можност да ги остварат своите права и да дојдат до, за нив, потребните информации и документи кои произлегуваат од надлежности на институциите - иматели на информации. Барателите, жалбите ги поднесувале до Агенцијата од причина што имателите на информации не постапувале согласно материјалните закони кои ги применуваат при работењето и одлучувањето во одредена управна постапка, односно не постапиле по барањата на граѓаните како странки во конкретен управен предмет. И покрај големиот број одржани обуки за службените лица за посредување на информациите од јавен карактер на имателите на информации, загрижува процентот кој припаѓа на поднесени жалби поради непостапување на имателите на информации по барањата во законски предвидените рокови, односно се доставени поради молчење на првостепениот орган. Од обработката на предметните списи, како и од редовните електронски и телефонски комуникации со службените и со раководните лица кај имателите на информации, може да се заклучи дека подготвеноста за отвореност кон јавноста е поголема кај службените лица, за разлика од ставовите на раководните структури, кои одат во обратна насока. Поради тоа, актуелна останува потребата од организирање дополнителни обуки, работилници, тркалезни маси и слични презентации на ЗСПИЈК пред раководните лица кај имателите на информации. За одбележување е дека доставените жалби до Агенцијата најчесто доаѓаат како резултат на изразено незадоволството на барателите на информации од не/постапувањето на имателите на информации, односно од добиени негативни решенија и одговори од имателите на информации, како и поради непостапување на првостепениот орган по одлуките на Агенцијата во врска со поднесените барања.




Во продолжение (на следните графикони по иматели на информации од јавен карактер) може да се забележи тенденција на намалување на поднесени жалби во анализираниот период. Оттука може да се заклучи дека имателите на информации повеќе внимание обрнуваат на проактивното објавување на информациите, и со тоа ги намалуваат барањата и жалбите од барателите на информации.

## ***Движење на бројот на поднесени жалби низ извештајните години 2019-2023 по категорија на иматели***







Правни и физички лица
20
42
37
25
11
2019
2020
2021
2022
2023


Образовни институции
15
14
15
13
15
2019
2020
2021
2022
2023


Органи на државната управа
130
231
458
151
183
2019
2020
2021
2022
2023










## ***Карактер на поднесени жалби***

Анализата на поднесените жалби до Агенцијата низ годините покажува дека најчесто и во најголем процент на жалбите изразени од страна на барателите на информации се поднесувани поради тоа што имателите на информации не постапиле по добиено барање за пристап до информации. Во графиконот во продолжение е прикажан бројот на вкупно поднесени жалби и бројот на поднесени жалби поради т.н. “молк на администрацијата“.




2019 година е година со 90 % Молк на управата или само на 10 % од поднесените барања, имателите на информации одговарале во законски предвидениот рок.




Во 2021 година, 45% од имателите не постапиле во законски предвидениот рок за одговор на барањата, односно Молкот на управата е најмалку искористен. Треба да напоменеме дека трендот на пораст на оваа непопуларна алатка од страна на имателите се бележи повторно во 2022 и 2023 година (62%, односно 61%).

Освен по жалби кои се поднесени против молкот на управата, со Анализата се прикажани и податоци за предмети по кои Агенцијата согласно законските надлежности постапува:

-Поднесени жалби поради незадоволство од добиен одговор/известување од страна на имателите на информации




-Поднесени жалби против решенија/заклучок од страна на имателите



Треба да нагласиме дека Агенцијата вложува големи напори да го намали трендот на непостапување по поднесените барања од страна на имателите. За жал, имателите на информации се уште го практикуваат инструментот Молк на управата за оневозможување на уставно загарантираното право на пристап до информациите од јавен карактер. Агенцијата во своето работење ќе продолжи да укажува на важноста овој непопуларен инструмент да биде целосно елиминиран во пракса, преку своите обуки наменети за службените лица и со нивна континуирана едукација на службените лица, кај имателите, да соработува со институциите и невладиниот сектор и ќе го истакнува значењето на проактивната транспарентност и објавувањето на информациите од страна на институциите на веб страниците, а особено навременото постапување по барањата за информации од јавен карактер.

Во принцип, имателите може проактивно да ги објаваат сите информации со кои што располагаат, освен оние за кои што постојат исклучоци, наведени во членот 6 од Законот.

Во иднина, како и до сега, Агенцијата ќе продолжи да го истакнува значењето на проактивната транспарентност на имателите на информации. Проактивното објавување на информациите од јавен карактер е составен дел на правото на пристап до информации, со што се обезбедува клучните информации да се достапни навремено. Како што наведува Европскиот суд за човекови права, кој го признава како темелно човеково право, „информациите се минливи и секое нивно оддложено објавување, дури и за краток временски период, може да им ја намали нивната севкупна вредност и интересот за нив“. Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни за граѓаните и истите редовно да се ажурираат. Транспарентноста и пристапот до информациите од јавен карактер се неделиви инструменти во борба против корупцијата, што во својата основа е Законот за СПИЈК.

Автор:

Мелани Ибраими